**20251012235**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за заштита на личните податоци
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 мај 2025 година.

Бр. 08-2808/1
14 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 1

Во Законот за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20 и 294/21), во член 48 во ставот (2) по зборовите: „Европската Унија“ се додава запирка и се додаваат зборовите: „во земја членка на НАТО“.

Во ставот (3) по зборовите: „во земја членка на Европската Унија,“ се додаваат зборовите: „во земја членка на НАТО,“.

Член 2

Во членот 56 по зборовите: „земјите членки на Европската Унија“ се додава запирка и се додаваат зборовите: „во земјите членки на НАТО“, а по зборовите: „меѓународни организации, Европската Унија“ се додава запирка и се додава зборот „НАТО“.

Член 3

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.